# Службен гласник

## на Општина Валандово

**Број 1** **31 јануари 2022 година, Понеделник**

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Градоначалник на општина Валандово:**

1. **Решение** за избор на Директор на Јавното претпријатие Комунален сервис Валандово .................. 2

**Совет на Општина Валандово:**

1. **Решение** за објавување на Одлуката за одобрување средства за репарирање на механика на вертикално пијано во ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово ...................................................................... 2
2. **Одлука** за одобрување средства за репарирање на механика на вертикално пијано во ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово ................................ 2
3. **Решение** за објавување на Одлуката за утврдување на начинот на давање на користење на училишен простор (отворени спортски терени и фискултурни сали) во Општинските Основни Училишта и Средното Општинско Училиште во Општина Валандово на регистрирани спортски клубови .....................................3
4. **Одлука** за утврдување на начинот на давање на користење на училишен простор (отворени спортски терени и фискултурни сали) во Општинските Основни Училишта и Средното Општинско Училиште во Општина Валандово на регистрирани спортски клубови ....... 3
5. **Решение** за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант .......................................................... 4
6. **Одлука** за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант ............................... 4
7. **Решение** за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово ............................................... 4
8. **Одлука** за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово ................. 5
9. **Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Училишен спортски клуб Валандово ....................... 5
10. **Одлука** за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Училишен спортски клуб Валандово .................................................................... 5
11. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2021 година до 31.12.2021 година ........................................................ 6
12. **Заклучок** за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2021 година до 31.12.2021 година ...................... 6
13. **Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2021 година .... 6
14. **Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2021 година ................................................................... 6
15. **Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година .... 6
16. **Заклучок** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година ........................................... 7

**17. Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 год. ... 7
**18. Заклучок** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година ........................... 7
**19. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализацијата на програмата за изградба, реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2021 година ......................... 7
**20. Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализацијата на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2021 година ...... 7
**21. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2021 година ......................................................................... 8
**22. Заклучок** за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2021 година ........................................ 8
**23. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2021 година ............. 8
**24. Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2021 година ............................................................8
**25. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2021 година 8
**26. Заклучок** за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2021 година ..........................................8

---

Врз основа на член 19-а став 4, член 23 и член 24 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 36 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово**

**1.** За Директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, **СЕ ИЗБИРА** Емилија Заева-Костова од Валандово, сметано од 21.01.2022 година.

**2.** Директорот на Јавното претпријатие се избира со мандат од 4 (четири) години.

**3.** За уредување на односите со Јавното претпријатие ќе биде склучен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Валандово и Директорот на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, со кој ќе бидат уредени правата, одговорностите и овластувањата, согласно закон.

**4.** Оваа Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.04-25/6 | Градоначалник |
| 21.01.2022 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување средства за репарирање на механика на вертикално пијано во ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување средства за репарирање на механика на вертикално пијано во ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-130/10 | Градоначалник |
| 31.01.2022 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на седмата редовна седница одржана на ден 28.01.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства за репарирање на механика на вертикално пијано во ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука, од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 42.000,00 денари, на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово, за репарирање на механика на вертикално пијано.

**Член 2**

Одобрените средства од точка 1 на оваа Одлука да се исплатат од програма К4 културни манифестации и творештво, ставка 464 - други трансфери, на Буџетска сметка на самофинансирачки активности на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово 708010922978713 програма К2, ставка 464990-други трансфери, приходно конто 725039.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-7/10 | Совет на Општина Валандово |
| 28.01.2022 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на начинот на давање на користење на училишен простор (отворени спортски терени и фискултурни сали) во Општинските Основни Училишта и Средното Општинско Училиште во Општина Валандово на регистрирани спортски клубови**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на начинот на давање на користење на училишен простор (отворени спортски терени и фискултурни сали) во Општинските Основни Училишта и Средното Општинско Училиште во Општина Валандово на регистрирани спортски клубови, што Советот на Општина Валандово ја донесе на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр.09-130/11 Градоначалник
31.01.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) член 21 став 1 точка 32, член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на начинот на давање на користење на училишен простор (отворени спортски терени и фискултурни сали) во Општинските Основни Училишта и Средното Општинско Училиште во Општина Валандово на регистрирани спортски клубови**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува начинот на давање на користење на училишниот простор (отворени спортски терени и фискултурни сали) со кои располагаат Општинските Основни Училишта и Средното Општинско Училиште во Општина Валандово, на регистрирани спортски клубови.

**Член 2**

Под училишен простор, во смисла на оваа Одлука се подразбира просторот чиј корисник се основните и средното училиште во Општина Валандово, а кој се наоѓа во објектот на училиштето или во рамките на градежната парцела (дворно место).

**Член 3**

Училишниот простор – отворени спортски терени и фискултурната сала може да се дава на користење на регистрирани спортски клубови за определен период, во определени термини (по час) и површина (м$^2$).

**Член 4**

Училишниот простор може да се даде на користење на регистрирани спортски клубови за следната намена:
- за одржување на тренинзи и натпревари;
- за спорт и рекреација.

**Член 5**

Доколку училишниот простор се користи со опрема и со инвентар, што не може физички да се одвои или ако тие се во функција на намената со која просторот се дава на користење (тренинзи, натпревари, спорт и рекреација), корисникот е должен совесно да го користи просторот што му е даден на користење и да го врати во состојба во која го добил просторот (и опремата и инвентарот), а за евентуално предизвикана штета треба да ја надомести штетата.

**Член 6**

Училишниот простор – отворени спортски терени и фискултурна сала, на регистрирани спортски клубови, се даваат на користење без надоместок, а со цел за придонес на заедницата:
- за развој на спортот на локално и на државно ниво;
- за постигнување на натпреварувачки успеси;
- за работа со млади категории;
- за спортување и рекреација;

**Член 7**

Училишниот простор може да се даде на користење само ако:
- терминот за користење, нема да ја попречува функцијата, текот и квалитетот на воспитно-образовниот процес;
- употреба на просторот нема да влијае врз безбедноста на учениците и лицата што ќе го користат училишниот простор;
- намена за која ќе се користи просторот нема да предизвикува негово оштетување;

**Член 8**

Одлука за давање на користење на училишниот простор донесува училишниот простор донесува училишниот одбор, по претходно добиена согласност од Градоначалникот на Општина Валандово.

Одлуката од став 1 на овој член содржи:
- прецизно определување на просторот што се дава на користење;
- намена за кој ќе се користи просторот;
- време и начин на користење на просторот (по час, термин или м$^2$);
- начин и употреба на просторот (да не влијае врз безбедноста на учениците и врз квалитетот на воспитно-образовниот процес);
- услови за почитување на актуелните протоколи за постапување во услови на пандемија и
- други прашања во врска со користењето на училишниот простор.

Директорот на училиштето формира комисија која претходно ги разгледува барањата поднесени од спортските клубови и му дава мислење на Училишниот одбор.

**Член 9**

За давањето на користење на училишен простор, училиштето и корисникот склучуваат договор со кој се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат од предметот на договорот.

Договорот за користење особено содржи:
- страни на договорот;
- предмет на договорот;
- намена за која се користи просторот;
- времетраење/површина на користењето;
- обврски на корисникот во согласност со намената на договорот;

- одредба за почитување на протоколите за постапување на основните и средните училишта во услови на пандемија;
- обезбедување на исполнувањето на обврските од договорот;
- услови за раскинување на договорот;
- други прашања од значење за реализација на договорот.

**Член 10**

Договорот за давање на користење училишен простор се склучува за период од една учебна година, но во исклучителни случаи, по потреба и по претходно писмено барање на корисникот и за подолг или за пократок временски период.

**Член 11**

Надзор над спроведувањето на оваа Одлука и почитувањето на одредбите од склучениот договор врши комисија формирана од Градоначалникот, составена од пет члена, од кои по двајца од Советот на општината и Училиштето и еден од општинската администрација.

За извршениот надзор Комисијата составува записник и примерок од истиот доставува до Градоначалникот и Директорот на училиштето.

**Член 12**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-7/11 Совет на Општина Валандово
31.01.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант, што Советот на Општина Валандово ја донесе на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр.09-130/12 Градоначалник
31.01.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Грдоначалникот на општина Валандово за потпишување на Договор за грант, кој ќе се склучи согласно Договорот за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), меѓу Општина Валандово и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

**Член 2**

Се овластува и задолжува Градоначалникот на општина Валандово, да го потпише Договорот за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) меѓу Општина Валандово и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово”.

Бр.08-7/12 Совет на Општина Валандово
28.01.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр.09-130/13 Градоначалник
31.01.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/2002), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр.62/05, 88/08 и 35/11), Советот на Општина Валандово, на седмата редовна седница одржана на ден 28.01.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово**

**Член 1**

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Валандово за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кои ќе се склучат согласно Договор за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), помеѓу Општина Валандово и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија, а во случај на непочитување на договорните услови.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Валандово до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр.62/05, 88/08 и 35/11).

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово”.

Бр.08-7/13 Совет на Општина Валандово
28.01.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Училишен спортски клуб Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Училишен спортски клуб Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр.09-130/14 Градоначалник
31.01.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Училишен спортски клуб „Валандово“**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово за 2022 година, се одобруваат средства во износ од 75.000,00 денари, на Училишниот спортски клуб „Валандово“, за реализација на програмски активности за натпреварување во натпреварувачката сезоната 2021/22 година.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463120 трансфери до спортски клубови на сметка на Училишен Спортски Клуб „Валандово“.

**Член 3**

Корисникот е должен одобрените средства наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финснсиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-8/14 Совет на Општина Валандово
28.01.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1

од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2021 година до 31.12.2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр.09-130/2 Градоначалник
31.01.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на седмата редовна седница одржана на ден 28.01.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2021 година до 31.12.2021 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, со вкупно остварени приходи од 292.816.00,00 денари, односно 85,16% од планираните приходи и на извршени расходи од 238.430.068,00 денари, односно 81,43% од планираните расходи.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-7/2 Совет на Општина Валандово
28.01.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на седдмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр.09-130/3 Градоначалник
31.01.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2021 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2021 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово го има усвоено со Одлука бр.02-48/4 од 24.01.2022 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-7/3 Совет на Општина Валандово
28.01.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр.09-130/4 Градоначалник
31.01.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996, 9/1997, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на

РМ” бр.5/2002), и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово под бр.02-48/3 од 24.01.2022 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-7/4 Совет на Општина Валандово
28.01.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр.09-130/5 Градоначалник
31.01.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/1996, 9/1997, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово под бр.02-48/2 од 24.01.2022 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-7/5 Совет на Општина Валандово
28.01.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализацијатата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализацијатата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр.09-130/6 Градоначалник
31.01.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 15 став 1 точка 4, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2021 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2021 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-7/6 Совет на Општина Валандово
28.01.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр.09-130/7 Градоначалник
31.01.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на седмата редовна седница, одржана на ден 28 01.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2021 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2021 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-7/7 Совет на Општина Валандово
28.01.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр.09-130/8 Градоначалник
31.01.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 15 став 1 точка 4, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2021 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2021 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-7/8 Совет на Општина Валандово
28.01.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на седмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр.09-130/9 Градоначалник
31.01.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и член 62, во врска со член 22 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 29 и член 45, во врска со член 15 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на седмата редовна седница, одржана на ден 28 01.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2021 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Информацијата за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2021 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-7/9
28.01.2022 год.
Валандово

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков